Дневни билтени

2015

Февруари
Март
April
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 03.01.2022

На 03.01.2022 во 00.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.Д.(19) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени марихуана, кафеава грутчеста материја и бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.01.2022 во 00.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.А.(24) и Н.Ѓ.(20), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2022 во 22.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2022 во 22.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.К.(49) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2022 во 18.25 во ОВР Ресен, Ј.Д.(20) од Битола пријавил дека поради големи снежни наноси со патничко возило „сузуки", со битолски регистарски ознаки, бил заглавен на планината Галичица, односно на регионалниот пат Отешево - Св.Наум, на кој има активна забрана за движење на возила во зима. Полициски службеници од Граничен премин Стење веднаш излегле на местото на настанот и го пронашле возилото, по што заедно со возачот и сопатниците А.В. и Ѓ.Д., двајцата од Битола, биле извлечени од снегот и спуштени на безбедно место.

На 02.01.2022 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени вкупно 20 мерки, од кои 14 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 6 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 02.01.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 4 надвор од населено место и 12 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 7 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за нерегистрирано возило и 2 за некористење сигурносен појас.

На 02.01.2022 во 08.40 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", при проверка во оперативна евиденција било констатирано дека Д.Н.(39) од Струга е со мерка „апси", по наредба од Основен суд Струга. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од СВР Скопје за спровод до Казнено-поправната установа Затвор Струга.

На 03.01.2022 во 04.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", по извршена контрола во багажот кај С.Е.П.(45) од САД биле пронајдени три куршуми и една чаура од испукан куршум. Таа била приведена и предадена на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 02.01.2022 во 14.00 часот во СВР Битола било пријавено дека патнички воз кој сообраќал на релација Битола-Скопје, на потегот помеѓу стојалиште „Браилово" и стојалиште „Слепче", удрил во едно лице кое лежело на пругата. Лицето починало на местото на несреќата, а по извршениот увид било констатирано дека станува збор за М.Д.(44) од Република Албанија. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 02.01.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Ќ.(56) од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото денонокие (02.01/03.01.2022) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 27 прекршоци.

На 02.01.2022 околу 18.15 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Ј.О.(27), Д.О.(30), Ф.О.(29) и А.О.(19) од Република Косово и Б.Д.(29),Г.Ѓ.(25), М.Ѓ.(41) и С.Ѓ.(30) од Гостивар, поради сомнение за нивна инволвираност во меѓусебна физичка пресметка, која околу 14.50 часот се случила на ски-терените на Бистра во Маврово. Според пријавеното, во физичката пресметка биле употребени и тврди предмети, а две лица, А.О. и С.Ѓ. се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". Сите инволвирани се задржани во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (03.01.2022), полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.С.(30) од с.Батинци, скопско. Претходно, околу 01.00 часот на автопат Скопје - Куманово тој со возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, искршил рампа на наплатна станица Романовце, а на влезот во Скопје удрил во полициско возило. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.01.2022 во 15.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода Л.С.(54) од с.Долни Подлог, кочанско, затоа што околу 08.55 часот, за време на лов во атар на с.Јастребник испукал еден куршум од пушка „Застава М-70" калибар 30-06 и го погодил М.С.(55) од Кочани, нанесувајќи му повреда. М.С. бил пренесен во Медицински центар Кочани за укажување лекарска помош. Се работи на расчистување на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

Изминатиот викенд (01/02.01.2022) од 22.00 до 03.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата, биле откриени и санкционирани 12 возачи (ТЕ-11 и ГВ-1), кои управувале возило под дејство на алкохол. Тие веднаш биле исклучени од сообраќај и одземени возачките дозволи. Санкционирани, исто така, се и 14 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-9 и ГВ-5).

На 02.01.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје, Ј.Ј.(18) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.01.2022 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.В.(35) и И.Т.(35), двајцата од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 02.01.2022 во 19.00 часот во Полициското одделение Сарај, А.Ч.(41) од с.Рашче пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Х.Ч.(18) од с.Рашче. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет